Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## NOKIA 6212



"Nokia" го објави својот најнов мобилен телефон, моделот 6212 classic. Меѓу другото, тој може да се пофали и со поддршка за near field communication (NFC), односно со наредната генерација на мобилно поврзување базирано на Bluetooth.

Бидејќи NFC сè уште не е раширен, за идните корисници на овој модел повеќе значење ќе имаат податоците дека ова е quad-band GSM/GPRS/EDGE телефон со поддршка за dual-band UMTS, има TFT дисплеј со големина од 2 инча и QVGA резолуција, 2 мегапикселна камера и слот за мемориска картичка до 4 GB. Nokia 6212 classic работи на Symbian S40 платформата, има поддршка за стерео Bluetooth и вградено FM радио, а на пазарот ќе се појави во третиот квартал од годинава.



## USB + ТВ-ТЈУНЕР



Направата се нарекува DH-KONE4G/U2DS, единствено се разликува од своите "колеги" по тоа што има мала антена. Компанијата производител "Buffalo" решила во USB-меморијата да вгради ТВ-тјунер, кој работи на стандардот 1Seg. Обемот на меморијата изнесува 4GB. Сè уште не се познати информациите за цената по која ќе се продава оваа направа.



